**20221251704**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 3 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ПОЛИЦАЕЦ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ПОЛИЦАЕЦ

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на селекција и избор на кандидат за полицаец и начинот на работа на комисијата за избор на кандидат за полицаец („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/15 и 130/16), во член 2 став (2) во алинејата 12 зборовите „психолошки тест“ се заменуваат со зборовите „психолошко тестирање (тест за интегритет и психолошки тест)“.

Во алинејата 13 зборовите „од страна на Министерството“ се бришат.

Член 2

Во член 10 во ставот (1) алинејата 3 се менува и гласи:

„ - психолошко тестирање (тест за интегритет и психолошки тест);“.

Член 3

Во член 11 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) При спроведувањето на фазите од селекцијата: проверка на моторички способности, психолошко тестирање – психолошки тест, писмено тестирање и интервју, се врши бодирање на постигнатите резултати за секое пријавено лице.“.

Во став (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„ - резултати од психолошкиот тест – 40 бодови;“.

Член 4

Членот 16 се менува и гласи:

„(1) Психолошкото тестирање опфаќа спроведување на тест за интегритет и психолошки тест.

(2) Видот и формата на тестовите од ставот (1) на овој член се одредуваат и истите се спроведуваат од страна на стручно лице-психолог.“.

Член 5

Во член 20 во ставот (1) зборовите „психолошкиот тест“ се заменуваат со зборовите „психолошкото тестирање“.

Член 6

Во член 24 во ставот (1) зборовите „од страна на Министерството“ се бришат.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-56526/1
31 мај 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.